2

...stitu na spomenic.
...a grad
91000 Skopje

СЛУЖБ...

НА СОЦИЈАЛИС... ...ЈА

„...ЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словеначки, македонски, албански и унгарски јазик. — Огласи според тарифата — Жиро сметка кај Службата на општественото книговодство 60802 603-19644

Петок, 11 декември 1981

БЕЛГРАД

БРОЈ 66 ГОД. XXXVII

Ц... на ов... б... о... е ...4 динари. — Претплатата за 1981 година изнесува 1.000 динари. Рок за рекламации 15 дена. — Редакција: Улица Јована Ристиќа бр. 1. Пошт. фах 226. — Телефони: централа 650-155: Уредништво 651-855; Служба за претплата 651-732: Телекс 11756

**699.**

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВРЕМЕНА ЗАБРАНА НА КОРИСТЕЊЕТО НА ОПШТЕСТВЕНИ СРЕДСТВА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА НЕСТОПАНСКИ И НЕПРОИЗВОДСТВЕНИ ИНВЕСТИЦИИ ВО 1982 ГОДИНА

Се прогласува Законот за привремена забрана на користењето на општествени средства за финансирање на нестопански и непроизводствени инвестиции во 1982 година, што го усвои Собранието на СФРЈ на седницата на Сојузниот собор од 8 декември 1981 година.

П бр. 115
8 декември 1981 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
**Sergej Kraigher,** с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Драгослав Марковиќ,** с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ПРИВРЕМЕНА ЗАБРАНА НА КОРИСТЕЊЕТО НА ОПШТЕСТВЕНИ СРЕДСТВА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА НЕСТОПАНСКИ И НЕПРОИЗВОДСТВЕНИ ИНВЕСТИЦИИ ВО 1982 ГОДИНА

Член 1

Корисниците на општествени средства од дејностите што во областите 01 до 10 се распоредени со Одлуката за единствената класификација на дејностите („Службен лист на СФРЈ", бр. 34/76, 62/77 и 74/80) не можат во 1982 година да користат општествени средства за купување, изградба и доградба (во натамошниот текст: набавка) и за земање под нов закуп и лизинг (во натамошниот текст: закуп) на згради и делови на згради предмети на опрема за вршење на канцелариски работи и за задоволување на потребите на репрезентација, разонода и рекреација, образование, култура, уметност, информации, физичка култура и спорт, како и за набавка и земање под нов закуп и лизинг (во натамошниот текст: закуп) на патнички автомобили.

Корисниците на општествени средства од дејностите што со Одлуката за единствената класификација на дејностите се распоредени во областа 11 — Финансиски, технички и деловни услуги; областа 12 — Образование, наука, култура и информации; областа 13 — Здравствена и социјална заштита и во областа 14 — Општествено-политички заедници, самоуправни интересни заедници и општествено-политички организации, покрај забраната на користењето за набавка и земање под закуп на објектите и опремата од став 1 на овој член, не можат во 1982 година да користат општествени средства за набавка и земање под закуп и други предмети и права кои претставуваат основни средства или средства за заедничка потрошувачка.

Член 2

Како корисници на општествени средства, во смисла на овој закон, се сметаат основните организации на здружен труд, работните организации што во својот состав немаат основни организации на здружен труд, договорните организации на здружен труд, земјоделските и други задруги, основните задружни организации, основните организации на кооперанти, работните организации на кооперанти и други форми на здружување на земјоделски или други индивидуални производители, заедниците за осигурување на имоти и лица, заедниците за ризици, заедниците за реосигурување, самоуправните интересни заедници, месните заедници и други самоуправни организации и заедници и нивните здруженија, стопанските комори, банките и други финансиски организации, органите и организациите и фондовите на општествено-политичките заедници, Службата на општественото книговодство, општествено — политичките организации, општествените организации, работните заедници и други корисници на општествени средства (во натамошниот текст: корисниците на општествени средства).

Забраната на користењето на општествени средства во 1982 година се применува и ако набавката односно земањето под закуп на објектите и опремата од член 1 на овој закон се врши за потребите на претпријатија или на други организации во странство што корисниците на општествени средства ги основале или во чие основање учествуваат, како и ако набавката односно земањето под закуп на објектите и опремата од член 1 на овој закон се врши за работа на погон или друга работна односно деловна единица во странство.

Член 3

Како општествени средства што во 1982 година не можат да се користат за намените наведени во член 1 на овој закон, во смисла на овој закон, се сметаат:

1) средствата на фондовите (деловен фонд, фонд за заедничка потрошувачка, резервен фонд и други фондови) и другите сопствени средства на корисникот на општествени средства;

Корисниците на општествени средства кај кои обврската за пресметување на амортизацијата е одложена, под условите од точка 6 на овој член, за набавка и земање под закуп на опрема можат да ги користат средствата што им се обезбедени за замена или набавка на нова опрема, а најмногу до износот на исправката на вредноста пресметана за 1982 година по стапките на амортизацијата пропишани со Законот за амортизацијата на основните средства на основните организации на здружен труд и на другите корисници на општествени средства за амортизационата група во која се распоредени предметите на опремата чија што набавка односно земање под закуп се врши.

Функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за работите на финансиите ќе го пропише начинот на искажувањето, доставувањето и обработката на податоците за нестопанските и непроизводствените инвестиции од овој закон за потребите на општествената евиденција и утврдувањето на износот на непотрошената амортизација, односно на исправката на вредноста што во 1982 година може да се користи за набавка и земање под закуп на опрема.

Член 5

Претсметковна вредност на инвестициите, во смисла на овој закон, претставуваат:

1) за објекти — издатоците за работи и материјали потребни за нивна изградба, со издатоците за изработка на идејниот и другите проекти и на другата инвестиционо-техничка документација врз основа на која се пристапува кон изградба, со издатоците за прибавување и уредување на локациите во согласност со урбанистичкиот односно просторниот план и со издатоците за потребите на откупот и отштетите и покритието на другите трошоци неопходни за оспособување на зградата односно на објектот за работа. Вредноста на потребните работи и материјали за изградба на зграда и други градежни објекти, како и другите издатоци, се сметаат според износите утврдени во инвестициониот елаборат односно во инвестиционо-техничката документација врз основа на која се врши набавката, приспособени кон пазарните услови;

2) за опрема — височината на набавната цена, со трошоците на доставата (вклучувајќи го кај увозната опрема износот на царината и другите давачки) и со трошоците на монтажата, како и со другите издатоци неопходни за нејзино оспособување за вршење на функцијата за која опремата е наменета. Износот на набавната цена, како и трошоците на доставата и монтажата и другите издатоци неопходни за оспособување на опремата за вршење на функцијата за која е наменета, се сметаат според износите утврдени во инвестициониот елаборат односно во инвестиционо-техничката документација врз основа на која се врши набавка на опремата, приспособени кон пазарните услови.

Член 6

Од забраната на користењето на општествени средства пропишана со овој закон се иззема користењето на општествени средства за следните намени и тоа:

1) за набавка на опремата од член 1 на овој закон која, поради векот на траење пократок од една година или малата поединечна набавна вредност, се води во средствата на ситниот инвентар;

2) за поправка на постојните објекти и предмети на опремата од член 1 на овој закон на кои не им се менува намената, не им се зголемува капацитетот и не им се продолжува амортизациониот век на траење;

3) за набавка на објекти и опрема наменета за вршење на работи на царинска и друга контрола на патничкиот и стоковниот промет со странство;

4) за набавка на објекти и опрема наменети за управување со радио-фреквенциските систем;

5) за набавка на објекти и опрема за одржување на XIV зимски олимписки игри во 1984 година во Сараево;

6) за набавка на опрема на органи на општествено-политички заедници што наменски служи за вршење на дејности на премер и картирање на земјиштето и за испитување на земјиштето и на градежни материјали;

7) за набавка на објекти и опрема за вршење на научно-истражувачка работа од природно-математичките, технолошките, техничките, земјоделските, ветеринарските, шумарските и медицинските науки; за набавка на опрема за вршење на дејности на геолошко истражување и истражувачка развојна работа во дејностите од областа на стопанството и за набавка на објекти и опрема за сеизмолошки истражувања и за утврдување и следење на појавите на земјотреси;

8) за набавка на објекти и опрема наменети за сместување, чување, натовар, истовар превоз и продажба на стоки во јавни складови, пазари на мало и пазари на големо, во организации за вршење на комисиона продажба и во организации што вршат дејност на внатрешна и меѓународна шпедиција;

9) за набавка на објекти и опрема кога нивното финансирање се врши од здружените средства чија употреба не е забранета со овој закон, во случај ако набавката на објектите и опремата ја врши самоуправната интересна заедница од името и за сметка на здружувачот на средствата;

10) за набавка на станбени згради и станови, училишни згради за работа на училиштата за основно образование, за адаптација и реконструкција на згради за работа на училиштата за средно насочено образование, на згради за давање на здравствена заштита, згради за давање општествена и социјална заштита на деца и младина и социјална заштита на возрасни, згради за дипломатски и конзуларни претставништва на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, во странство, зграда за работа на Радио-Југославија, згради за работа на Танјуг и згради за работа на радио и телевизиски станици во главните градови на републиките и на автономните покраини, како и зграда за работа на Политичката школа „Јосип Броз Тито" во Кумровец;

11) за набавка на опрема за давање на здравствена заштита и за давање на општествена и социјална заштита и за набавка на теренски санитетски патнички автомобили и други санитетски возила и возила за брза помош; за набавка на училишен мебел и училишни учила; за набавка на опрема за работа на дипломатски и конзуларни претставништва на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во странство и за набавка на опрема за службата за врски на органите на надворешни работи и опрема за техничко и физичко обезбедување на дипломатските и конзуларните претставништва; за набавка на објекти и опрема за контрола и насочување на воздушниот сообраќај, пловидбата на море и на внатрешните води и во друмскиот и железничкиот сообраќај; за набавка на објекти и предмети на опрема што служат за преглед на еталони, типско испитување и преглед на мерила и испитување на предмети од скапоцени метали; за набавка на опрема за работа на Танјуг и опрема за работа на Радио-Југославија за работа на радио и телевизиските станици во главните градови на републиките и на автономните покраини како и за набавка на неопходна опрема за извршување на уставните обврски за информирање на јазиците на народите и народностите на Југославија;

12) за набавка на проекти и друга документација за изградба на објектите од член 1 на овој закон;

13) за набавка на згради и други објекти и за набавка на опрема на територијата на Социјалистичка Автономна Покраина Косово, што се финансираат од дополнителни средства за финансирање на општествените служби издвоени во Буџетот на федерацијата за 1982 година;

14) за набавка на објекти и неопходна опрема за органите и организациите на оние општествено-политички заедници што се основани во 1979, 1980 или во 1981 година;

15) за набавка на објектите и опремата од член 1 на овој закон што претставуваат стечајна маса на организациите во стечај ако продажбата на тие објекти односно опрема се врши на начинот пропишан со Законот за санација и престанок на организациите на здружен труд;

16) за набавка на опрема за автоматско прибирање, обработка, телекомуникациски пренос и емитување на податоци во извршувањето на работите и задачите на Службата на општественото книговодство и за набавка на простории за сместување на сметачките центри, како и за набавка на неопходна опрема за автоматска обработка на податоци и за адаптација и доградба на простории за сместување на таа опрема кај поштенската штедилница.

Набавката на зградите и опремата од точ 4-9 и 10 на овој член, чие финансирање се врши од буџетот на федерацијата, може да се врши до височината на средствата што се обезбедени за нивна набавка во Буџетот на федерацијата за 1982 година.

Член 7

Со парична казна од 50.000 до 1.000.000 динари ќе се казни за стопански престап корисникот на општествени средства:

1) ако општествените средства ги користи за набавка или земање под закуп на објекти, опрема или патнички автомобили чијашто набавка односно земање под закуп е забранета со член 1 од овој закон, освен ако со одделни одредби од овој закон е определено поинаку (чл. 1, 4 и 6);

2) ако вкупната претсметковна вредност на инвестицијата, за чија набавка односно земање под закуп е забрането користењето на општествени средства, ја утврдува спротивно на одредбите од член 5 на овој закон.

За дејствието од став 1 на овој член ќе се казни и одговорното лице на корисникот на општествени средства со парична казна од 5.000 до 50.000 динари.

За дејствието од став 1 на овој член ќе се казни и одговорното лице во органот на општествено-политичката заедница и во друг државен орган или во месната заедница со парична казна од 5.000 до 50.000 динари.

Член 8

Одредбите на овој закон нема да се применуваат врз корисниците на општествени средства на териториите на републиките и на автономните покраини во кои, врз основа на договор на републиките и на автономните покраини за критериумите за ограничување на располагањето со општествените средства за нестопански и непроизводствени инвестиции, се донесени општествени договори односно закони за ограничување на располагањето со општествени средства за финансирање на нестопански и непроизводствени инвестиции.

Член 9

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**700.**

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

# УКАЗ

## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВРЕМЕНА ЗАБРАНА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ДЕЛ ОД ОПШТЕСТВЕНИТЕ СРЕДСТВА ЗА ИСПЛАТУВАЊЕ НА ОПРЕДЕЛЕНИ ИЗДАТОЦИ ВО 1982 ГОДИНА

Се прогласува Законот за привремена забрана на располагањето со дел од општествените средства за исплатување на определени издатоци во 1982 година, што го усвои Собранието на СФРЈ на седницата на Сојузниот собор од 8 декември 1981 година.

П бр. 116
8 декември 1981 година
Белград

Претседател
на Претседателството
на СФРЈ,
**Sergej Kraigher**, с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Драгослав Марковиќ**, с. р.

# ЗАКОН

## ЗА ПРИВРЕМЕНА ЗАБРАНА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ДЕЛ ОД ОПШТЕСТВЕНИТЕ СРЕДСТВА ЗА ИСПЛАТУВАЊЕ НА ОПРЕДЕЛЕНИ ИЗДАТОЦИ ВО 1982 ГОДИНА

Член 1

Заради остварување на целите на политиката на економската стабилизација и на задачите предвидени со Резолуцијата за политиката на остварувањето на Општествениот план на Југославија за периодот од 1981 до 1985 година во 1982 година, привремено се забранува располагањето со дел од општествените средства од страна на организациите на здружен труд, самоуправните интересни заедници и другите самоуправни организации и заедници и општествено-политичките заедници (во натамошниот текст: организации на здружен труд и други корисници на општествени средства) во 1982 година за исплатување на дневници за службени патувања, надомести за трошоците на превозот на службено патување, издатоци за репрезентација, издатоци за реклама и пропаганда, издатоци за авторски хонорари и издатоци по основа на договори за вршење на привремени или повремени работи.

Член 2

Основните организации на здружен труд и работните заедници што во Одлуката за единствената класификација на дејностите се распоредени во областите од 01 до 10 можат во 1982 година да располагаат со општествени средства за исплатување на дневници за службени патувања и надомести за трошоците на превозот на службено патување до височината што, со одлука за височината на тие издатоци, ја утврдил органот на управувањето на основната организација односно на работната заедница, со тоа што тие издатоци во 1982 година во однос на 1981 година да растат за 15 индексни поени побавно од растежот на вкупниот приход во 1982 година во однос на 1981 година.

Член 18

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

---

**701.**

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВРЕМЕНА ЗАБРАНА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ДЕЛ ОД ОПШТЕСТВЕНИТЕ СРЕДСТВА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗГРАДБАТА НА НОВИ ТЕРМОЦЕНТРАЛИ, ТОПЛАНИ И ЕНЕРГАНИ НА МАСЛО ЗА ГОРЕЊЕ — МАЗУТ ВО 1982 ГОДИНА

Се прогласува Законот за привремена забрана на располагањето со дел од општествените средства за финансирање на изградбата на нови термоцентрали, топлани и енергани на масло за горење — мазут во 1982 година, што го усвои Собранието на СФРЈ на седницата на Сојузниот собор од 8 декември 1981 година.

П бр. 133
8 декември 1981 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
**Sergej Kraigher,** с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Драгослав Марковиќ,** с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ПРИВРЕМЕНА ЗАБРАНА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ДЕЛ ОД ОПШТЕСТВЕНИТЕ СРЕДСТВА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗГРАДБАТА НА НОВИ ТЕРМОЦЕНТРАЛИ, ТОПЛАНИ И ЕНЕРГАНИ НА МАСЛО ЗА ГОРЕЊЕ — МАЗУТ ВО 1982 ГОДИНА

Член 1

Со овој закон привремено се забранува располагањето со дел од општествените средства во организациите на здружен труд, самоуправните интересни заедници и други самоуправни организации и заедници и општествено-политички заедници (во натамошниот текст: организациите на здружен труд и други корисници на општествени средства) за финансирање на изградбата на нови термоцентрали, топлани и енергани на масло за горење — мазут, во 1982 година.

Член 2

Под термоцентрала, во смисла на овој закон, се подразбира термоцентрала како посебен објект кој служи за производство на електрична енергија, како и термоцентрала — топлана како посебен објект кој служи за производство на топла и врела вода и пареа и електрична енергија.

Под топлана, во смисла на овој закон, се подразбира топлана како посебен објект кој служи за производство на топлотна енергија во вид на топла и врела вода или пареа, како и котларниците што обезбедуваат топлина за затоплување на станбени, деловни и погонски простории.

Под енергана, во смисла на овој закон, се подразбира индустриска термоцентрала — топлана како посебен објект кој служи за комбинирано производство на топлотна и електрична енергија.

Под масло за горење — мазут, во смисла на овој закон, се подразбира лесно, средно, тешко, средно и тешко металуршко масло за горење.

Член 3

Одредбата на член 1 од овој закон се однесува и на постојните објекти на масло за горење — мазут на кои се врши реконструкција заради замена на постојниот котел со котел од ист или поголем капацитет, а заради натамошно користење на масло за горење — мазут.

По исклучок од одредбата на став 1 од овој член, замена на постојниот котел со котел од ист или поголем капацитет заради натамошно користење на масло за горење — мазут може да се врши само на оние објекти за кои републиките и автономните покраини, со договор, ќе утврдат дека не постојат технички, технолошки, еколошки и економски услови за преминување на јаглен.

Одредбата на член 1 од овој закон се однесува и на нови котли на масло за горење — мазут кога организациите на здружен труд и други корисници на општествени средства ги вградуваат во постојните термоцентрали, топлани и енергани на јаглен.

Член 4

Организациите на здружен труд и други корисници на општествени средства кои, според прописите што важеле до денот на влегувањето во сила на овој закон, можеа да располагаат со општествени средства за изградба на објекти од чл. 1 и 3 на овој закон, можат и понатаму да користат општествени средства за изградбата само на тие објекти.

Член 5

Одредбата на член 1 од овој закон не се однесува на енерганите во рафинериите што трошат масло за горење — мазут.

Одредбите на чл. 1 и 3 од овој закон не се однесуваат на топланите во воените објекти што ќе ги определи сојузниот секретар за народна одбрана, ако во тие објекти поради тешко пристапен терен или нивна локација на острови или поради посебното својство на средствата што се сместени во нив не би можело да се обезбеди греење односно климатизација со цврсто гориво или со гас.

Член 6

Со парична казна од 100.000 до 1,000.000 динари ќе се казни за стопански престап организација на здружен труд или друг корисник на општествени средства, освен општествено-политичка заедница ако општествените средства со кои располага ги употреби спротивно на овој закон за изградба или реконструкција на термоцентрали, топлани и енергани на масло за горење — мазут (чл. 1, и 4).

За стопанскиот престап од став 1 на овој член ќе се казни и одговорното лице во организацијата на здружен труд односно кај друг корисник на општествени средства со парична казна од 10.000 до 50.000 динари.

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Одредбите на овој закон ќе се применуваат од 1 јануари 1982 година.

**702.**

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАЧИНОТ НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ВИШОЦИТЕ ОД ПРИХОДИТЕ НА БУЏЕТИТЕ НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И СО ВИШОЦИТЕ ОД ПРИХОДИТЕ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ ВО 1982 ГОДИНА

Се прогласува Законот за начинот на располагањето со вишоците од приходите на буџетите на општествено-политичките заедници и со вишоците од приходите на самоуправните интересни заедници во 1982 година, што го усвои Собранието на СФРЈ на седницата на Сојузниот собор од 9 декември 1981 година.

П бр. 137
9 декември 1981 година
Белград

Претседател
на Претседателството
на СФРЈ,
**Sergej Kraigher**, с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Драгослав Марковиќ**, с. р.

## ЗАКОН

### ЗА НАЧИНОТ НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ВИШОЦИТЕ ОД ПРИХОДИТЕ НА БУЏЕТИТЕ НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И СО ВИШОЦИТЕ ОД ПРИХОДИТЕ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ ВО 1982 ГОДИНА

Член 1

Општествено-политичките заедници и самоуправните интересни заедници ќе ги утврдуваат вишоците од приходите остварени над дозволените рамки утврдени во Резолуцијата за политиката на остварувањето на Општествениот план на Југославија за периодот од 1981 до 1985 година во 1982 година, во рок од 30 дена од денот на истекот на тримесечјето, а првата пресметка на вишоците ќе се утврди за шест месеци во 1982 година.

Член 2

За вишоците од приходите на буџетите на општествено-политичките заедници и за вишоците од приходите на самоуправните интересни заедници од член 1 на овој закон, на организациите на здружен труд и на другите корисници на општествени средства — уплатувачи на данок и на придонеси од доходот и од личните доходи на работниците, општествено-политичките заедници и самоуправните интересни заедници ќе ги намалуваат стапките на данокот односно на придонесите за следниот пресметковен период, во рок од 30 дена од денот на утврдувањето на вишоците на приходите, сразмерно со остварените вишоци, согласно со Резолуцијата за политиката на остварувањето на Општествениот план на Југославија за периодот од 1981 до 1985 година во 1982 година.

Член 3

Службата на општественото книговодство ќе ги издвојува вишоците од приходите на општествено-политичките заедници и на самоуправните интересни заедници на посебна сметка и нема да ги извршува налозите за нивно користење до донесувањето на мерките од член 2 на овој закон.

Ако општествено-политичките заедници и самоуправните интересни заедници согласно со чл. 1 и 2 од овој закон не ги намалат стапките на данокот и на придоносите во рок од 30 дена од денот на утврдувањето на вишоците од приходите, Службата на општественото книговодство ќе ги извести собранијата на тие заедници и корисниците на општествени средства за остварените вишоци од приходите и за обврската за намалување на стапките на данокот и на придонесите.

Член 4

Со парична казна од 50.000 до 500.000 динари ќе се казни за стопански престап самоуправната интересна заедница ако не ги намалува стапките на придонесите за следниот пресметковен период во рок од 30 дена од денот на утврдувањето на вишоците од приходите (член 2).

За стопанскиот престап од став 1 на овој член ќе се казни со парична казна од 5.000 до 20.000 динари и одговорното лице во самоуправната интересна заедница.

Член 5

Со парична казна од 5.000 до 20.000 динари ќе се казни за стопански престап одговорното лице во органот на општествено-политичката заедница ако општествено-политичката заедница не ги намалува стапките на данокот за следниот пресметковен период во рок од 30 дена од денот на утврдувањето на вишоците од приходите.

Член 6

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Одредбите на овој закон ќе се применуваат од 1 јануари 1982 година.

---

**703.**

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНЕНИЕ НА ЗАКОНОТ ЗА САНАЦИЈА И ПРЕСТАНОК НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД

Се прогласува Законот за измена и дополнение на Законот за санација и престанок на организациите на здружен труд, што го усвои Собранието на СФРЈ на седницата на Сојузниот собор од 9 декември 1981 година.

П бр. 138
9 декември 1981 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
**Sergej Kraigher**, с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Драгослав Марковиќ**, с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНЕНИЕ НА ЗАКОНОТ ЗА САНАЦИЈА И ПРЕСТАНОК НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД

**Член 1**

Во Законот за санација и престанок на организациите на здружен труд („Службен лист на

СФРЈ", бр. 41/80 и 25/81) во член 24 на крајот се додава запирка и зборовите: „а во основните организации на здружен труд од туристичкото стопанство и во основните организации на здружен труд за аеродромски услуги, што работат сезонски — и врз утврдените резултати од работењето по периодичната пресметка за периодот јануари-јуни".

Член 2

Член 49 се менува и гласи:

„Основната организација што во завршната сметка искажала непокриена загуба во своето работење, од денот на истекот на рокот пропишан за поднесување на завршната сметка односно од денот кога решението на надлежната служба на општественото книговодство од член 39 на овој закон станало конечно до денот кога е потпишана самоуправната спогодба за меѓусебните односи во санацијата и склучено присилно порамнување, односно до донесувањето на одлуката за отворање на стечај, ќе исплатува аконтации на личните доходи во согласност со републичкиот односно со покраинскиот закон."

Член 3

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**704.**

Врз основа на член 20 од Законот за избор и отповик на делегати во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ и заклучокот на Комисијата за избор и именување, Собранието на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 8 декември 1981 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ И ЗАМЕНИЦИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ИЗБОР И ОТПОВИК НА ДЕЛЕГАТИ ВО СОЈУЗНИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СФРЈ

1. Се разрешуваат од функцијата член на Комисијата за избор и отповик на делегати во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ: Драгица Главониќ, поранешен секретар на Извршниот одбор на Сојузниот одбор на Синдикатот на градежните работници на Југославија, Савка-Саша Јаворина, поранешен член на Претседателството на Конференцијата за прашања на општествената положба на жените на Југославија и Владимир Боронинќ, поранешен член на Секретаријатот на Претседателството на Конференцијата на Сојузот на социјалистичката младина на Југославија.

2. Се разрешуваат од функцијата заменик-член на Комисијата за избор и отповик на делегати во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ: Димитрие Коларевиќ, советник во Советот на Сојузот на синдикатите на Југославија, Зорка Мандиќ, поранешен стручно-политички работник во Конференцијата за прашања на општествената положба на жените на Југославија и Јованка Машковиќ, поранешен стручно-политички работник во Комисијата за политички систем на Претседателството на Конференцијата на Сојузот на социјалистичката младина на Југославија.

3. За членови на Комисијата за избор и отповик на делегати во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ се именуваат: Димитрие Коларевиќ, советник во Советот на Сојузот на синдикатите на Југославија, Нада Петровиќ-Змијановиќ, секретар на Конференцијата за прашања на општествената положба на жените на Југославија и Јово Миличиќ, секретар на Комисијата за општонародна одбрана и општествена самозаштита на Претседателството на Конференцијата на Сојузот на социјалистичката младина на Југославија.

4. За заменици на членовите на Комисијата за избор и отповик на делегати во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ се именуваат: Мирјана Станишиќ, стручен соработник во Советот на Сојузот на синдикатите на Југославија, Маргита Лалиќ-Терзиќ, стручно-политички работник во Конференцијата за прашања на општествената положба на жените на Југославија и Василие Пантовиќ, раководител на Стручно-политичката служба на Претседателството на Конференцијата на Сојузот на социјалистичката младина на Југославија.

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 502
8 декември 1981 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Драгослав Марковиќ**, с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
**Стана Томашевиќ-Арнесен**, с. р.

**705.**

Врз основа на член 288 точка 3, а во врска со член 315 точка 4 и член 381 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Собранието на СФРЈ, на предлог од Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 26 ноември 1981 година и на седницата на Сојузниот собор од 8 декември 1981 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА СУДИЈА НА УСТАВНИОТ СУД НА ЈУГОСЛАВИЈА

За судија на Уставниот суд на Југославија се избира Мустава Сефо, делегат во Собранието на СР Босна и Херцеговина, и член на Делегацијата на Собранието на СР Босна и Херцеговина во Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ.

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 485
8 декември 1981 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Драгослав Марковиќ**, с. р.

Претседател
на Соборот на републиките и покраините,
**Зоран Полич**, с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
**Стана Томашевиќ-Арнесен**, с. р.

**706.**

Врз основа на член 93 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78), Сојузниот извршен совет донесува

## УРЕДБА
### ЗА ДОПОЛНЕНИЈА НА УРЕДБАТА ЗА ОПШТИТЕ НАЧЕЛА ЗА ВНАТРЕШНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА НА СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИ НА УПРАВАТА И СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Член 1

Во Уредбата за општите начела за внатрешната организација на сојузните органи на управата и со-

јузните организации („Службен лист на СФРЈ“, бр. 61/79) по член 28 се додава нов член 28а, кој гласи:

„Член 28а

Работници со посебни овластувања и одговорности, освен работниците што вршат работи на инспекциски надзор, се и работниците што раководат со работата на подрачните органи, подрачните организациони единици и на други организациони единици и самостојните извршители, што со општите акти за организацијата и работата и за систематизацијата на задачите и работите во сојузниот орган на управата се овластени за одлучување по определени прашања од поширoко општествено значење во остварувањето на задачите и работите што произлегуваат од делокругот на сојузниот орган на управата односно сојузната организација, и за кои е предвидена посебна самостојност и одговорност во вршењето на тие задачи и работи.“

Член 2

Во член 35 по точка 2 се додава нова точка 3, која гласи:

„3) бројот и видовите на работници со посебни овластувања и одговорности, што се назначуваат во органот односно организацијата, задачите и работите што тие работници треба да ги вршат и потребните услови за работа врз тие задачи и работи;“.

Досегашните точ. 3 и 4 стануваат точ. 4 и 5.

Член 3

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Е. п. бр. 499
27 ноември 1981 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Гојко Убипарип**, с. р.

**707.**

Врз основа на член 9 став 2 од Општествениот договор за основите и мерилата за утврдување на личните доходи и другите примања на функционерите во федерацијата („Службен лист на СФРЈ“, бр. 58/76), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ОСНОВИЦАТА ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА ЛИЧНИТЕ ДОХОДИ НА ФУНКЦИОНЕРИТЕ И РАКОВОДНИТЕ РАБОТНИЦИ ШТО ГИ НАЗНАЧУВА СОЈУЗНИОТ ИЗВРШЕН СОВЕТ ВО СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИ НА УПРАВАТА, СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И СТРУЧНИТЕ СЛУЖБИ НА СОЈУЗНИОТ ИЗВРШЕН СОВЕТ

1. Основицата за усогласување на личните доходи на функционерите и раководните работници што ги назначува Сојузниот извршен совет во сојузните органи на управата, сојузните организации и стручните служби на Сојузниот извршен совет, се определува во износ од 7.338 динари, со важност од 1 јули 1981 година.

2. Право на усогласување на личните доходи од точка 1 на оваа одлука имаат и функционерите и раководните работници на располагање што ги користат правата од работен однос врз основа на одредбата на член 249 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Е. п. бр. 519
3 декември 1981 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
д-р **Иво Марган**, с. р.

**708.**

Врз основа на член 221 став 1 точка 2 од Законот за основите на безбедноста на сообраќајот на патиштата („Службен лист на СФРЈ“, бр. 63/80), во спогодба со сојузниот секретар за внатрешни работи, претседателот на Сојузниот комитет за сообраќај и врски пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА ОБРАЗЕЦОТ НА ВОЗАЧКАТА ДОЗВОЛА

Член 1

Образецот на возачката дозвола е дводелен, со розова боја и правоаголна форма. Кога се развие, неговите димензии изнесуваат 148 × 105 mm, а кога се превитка 74 × 105 mm.

Член 2

На насловната страна образецот на возачката дозвола содржи: втиснат грб на СФРЈ, натпис „Социјалистичка Федеративна Република Југославија“, меѓународна ознака „YU“, назив „ВОЗАЧКА ДОЗВОЛА“, назив на француски јазик „PERMIS DE CONDUIRE“ и сериски број.

На првата внатрешна страна од образецот на возачката дозвола се определени места за: презиме, име, датум и место на раѓањето, матичен број, живеалиштето, фотографија (35 × 45 mm) и потпис на имателот на дозволата, назив на органот што ја издал возачката дозвола, место и датум на издавањето, рок на важењето, број под кој е евидентирана возачката дозвола, печат на органот што ја издал возачката дозвола и потпис на службеното лице. Фотографијата, на која во долниот лев агол се става печат на органот што ја издава дозволата, се прицврстува механички, така што без оштетување на образецот да не може да се замени.

На втората внатрешна страна од образецот на возачката дозвола се определени места, според категориите на возилата (A, B, C, D и E), за запишување на податоците за категоријата на возилата за кои важи возачката дозвола и место за евентуално запишување на посебни услови под кои возачката дозвола може да се користи.

На третата страна од образецот на возачката дозвола се наоѓа по едно место за запишување на промената на живеалиштето на возачот и на продолжувањето на важењето на возачката дозвола (назив и седиште на органот кај кој возачот е запишан во евиденција), две места за запишување на изречената мерка на безбедност или заштитна мерка на забрана на управување со моторно возило (категорија на возилото, време на траењето на мер-

ката на безбедност, односно на заштитната мерка, датум на запишувањето и потпис на службеното лице), како и серискиот број од насловната страна.

Член 3

Образецот на возачката дозвола се изработува од специјален материјал кој има соодветни механички и хемиски карактеристики.

Видот на специјалниот материјал, кој има соодветни механички и хемиски карактеристики ќе се утврди со договор што ќе го склучи функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за работите на сообраќајот и врските со организацијата на здружен труд на која и се доверува печатењето на образецот на возачката дозвола.

Образецот на возачката дозвола не смее да се пушта во слободна продажба.

Член 4

Во образецот на возачката дозвола податоците се запишуваат со машина за пишување.

Член 5

Возачката дозвола се изработува според образецот што е отпечатен кон овој правилник и претставува негов составен дел.

Член 6

На образецот на возачката дозвола издадена согласно со одредбите на Правилникот за образецот на возачката дозвола („Службен лист на СФРЈ", бр. 13/75), мерката на безбедност или заштитната мерка на забрана на управување со моторно возило ќе се запишува на местото определено за запишување на продолжувањето на важењето на возачката дозвола, односно на местото за запишување на промената на живеалиштето на возачот.

Член 7

Возачката дозвола издадена на образецот пропишан со Правилникот за образецот на возачката дозвола („Службен лист на СФРЈ", бр. 13/75) ќе се заменува со возачка дозвола издадена на образецот пропишан со овој правилник при продолжувањето на важењето на возачката дозвола, како и при заменувањето на возачката дозвола поради загубување, оштетување, промена на податоците запишани во дозволата и при запишувањето на мерки на безбедност или на заштитна мерка на забрана на управување со моторно возило.

Член 8

Со денот на влегувањето на овој правилник во сила престанува да важи Правилникот за образецот на возачката дозвола („Службен лист на СФРЈ", бр. 13/75).

Член 9

Овој правилник влегува во сила на 1 март 1982 година.

Бр. 1063/1
11 ноември 1981 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за
сообраќај и врски,
**Анте Зелиќ**, с. р.

(прва страна)

ГРБ НА СФРЈ

СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА
ЈУГОСЛАВИЈА

YU

**ВОЗАЧКА ДОЗВОЛА**

**PERMIS DE CONDUIRE**

Сериски број

(втора внатрешна страна)

1. ПРЕЗИМЕ ____________
2. ИМЕ ____________
3. ДАТУМ И МЕСТО НА РАЃАЊЕТО ______
4. МАТИЧЕН БРОЈ ____________
5. ЖИВЕАЛИШТЕ (место) ____________

ПОТПИС НА ВОЗАЧОТ

____________

____________

ФОТОГРАФИЈА НА ВОЗАЧОТ
35 × 45 mm

6. Издадена од ____________
7. Во ________ на ________ 19—— г.
8. Важи до ________ 19—— г.

Бр. ______

М.П.

____________

ПОТПИС

(трета внатрешна страна)

КАТЕГОРИЈА НА ВОЗИЛА ЗА КОЈА ВАЖИ ВОЗАЧКАТА ДОЗВОЛА

| | | |
|---|---|---|
| A | МОТОЦИКЛИ | М.П. |
| B | МОТОРНИ ВОЗИЛА, ОСВЕН МОТОЦИКЛИ, ЧИЈА НАЈГОЛЕМА ДОЗВОЛЕНА ТЕЖИНА НЕ ПРЕМИНУВА 3.500 KG И ЧИЈ БРОЈ НА СЕДИШТА, НЕ СМЕТАЈЌИ ГО СЕДИШТЕТО НА ВОЗАЧОТ НЕ ПРЕМИНУВА ОСУМ | М.П. |
| C | МОТОРНИ ВОЗИЛА ЗА ПРЕВОЗ НА ТОВАР ЧИЈА НАЈГОЛЕМА ДОЗВОЛЕНА ТЕЖИНА ПРЕМИНУВА 3.500 KG | М.П. |
| D | МОТОРНИ ВОЗИЛА ЗА ПРЕВОЗ НА ЛИЦА КОИ, ПОКРАЈ СЕДИШТЕТО ЗА ВОЗАЧОТ, ИМААТ ПОВЕЌЕ ОД ОСУМ СЕДИШТА | М.П. |
| E | ГРУПИ НА ВОЗИЛА ЧИИ ВЛЕЧНИ ВОЗИЛА СПАЃААТ ВО КАТЕГОРИЈАТА B, C ИЛИ D, А САМИТЕ ГРУПИ НЕ СПАЃААТ ВО КАТЕГОРИЈАТА НА ТИЕ ВЛЕЧНИ ВОЗИЛА | М.П. |

ОГРАНИЧУВАЊЕ:

(четврта страна)

ПРОМЕНА НА ЖИВЕАЛИШТЕТО

———— БР. ————

ДАТУМ ————

ПОТПИС М.П.

ПРОДОЛЖЕНО ВАЖЕЊЕТО НА ВОЗАЧКАТА ДОЗВОЛА

ДО ———— 19—— г.

ПОТПИС М.П.

МЕРКА ЗА БЕЗБЕДНОСТ ИЛИ ЗАШТИТНА МЕРКА

ЗАБРАНЕТО Е ДА УПРАВУВА СО МОТОРНО ВОЗИЛО ОД КАТЕГОРИЈА ———— ОД

———— ДО ————

ДАТУМ ————

ПОТПИС М.П.

ЗАБРАНЕТО Е ДА УПРАВУВА СО МОТОРНО ВОЗИЛО ОД КАТЕГОРИЈА ———— ОД

———— ДО ————

ДАТУМ ————

СЕРИСКИ БРОЈ

ПОТПИС М.П.

## 709.

Врз основа на член — став — од Законот за пуштање на лекови во промет („Службен лист на СФРЈ", бр. 9/81), Сојузниот комитет за труд, здравство и социјална заштита донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ПОВЛЕКУВАЊЕ ОД ПРОМЕТОТ НА ЛЕКОТ VITAMIN C ЕФЕРВЕТЕ, СЕРИИ БР. 224071, 225071 И 222061, ПРОИЗВОД НА СОЗТ — ФАРМАЦЕВТСКА, ХЕМИСКА, ПРЕХРАНБЕНА И КОЗМЕТИЧКА ИНДУСТРИЈА „ПЛИВА" — ЗАГРЕБ

1. Се повлекува од прометот лекот VITAMIN C ефервете, серии бр. 224071, 225071 и 222061, производ на СОЗТ — фармацевтска, хемиска, прехранбена и козметичка индустрија „Плива" — Загреб, што е пуштен во промет противно на одредбите од Законот за пуштање на лекови во промет.

2. Организациите на здружен труд кај кои се наоѓа лекот од точка 1 на ова решение се должни сите затечени количини на тој лек да му ги вратат на производителот во рок од осум дена од денот на објавувањето на ова решение во „Службен лист на СФРЈ".

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. У-07-4789
23 ноември 1981 година
Белград

Заменик-претседател на Сојузниот комитет за труд, здравство и социјална заштита,
...ила Ѓорѓиќ, с. р.

## 710.

Врз основа на член 25 став 4 од Законот за мерните единици и мерилата („Службен лист на СФРЈ", бр. 13/76 и 74/80), директорот на Сојузниот завод за мери и скапоцени метали пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА УСЛОВИТЕ ЗА ПРЕГЛЕД И ЖИГОСУВАЊЕ НА ХУМАНИ И ВЕТЕРИНАРСКИ ТЕРМОМЕТРИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат условите што треба да ги исполнуваат работните простории и опремата за преглед и жигосување на хумани и ветеринарски термометри (во натамошниот текст: медицинските термометри), како и условите во поглед на стручната подготовка на работниците што организацијата на здружен труд е должна да ѝ ги стави на располагање на подрачната организациона единица на Сојузниот завод за мери и скапоцени метали (во натамошниот текст: органот на контролата) при прегледот и жигосувањето на медицинските термометри, ако прегледот на тие мерила, на нејзино барање, исклучително од одредбата на член 25 став 1 од Законот за мерните единици и мерилата, се врши во нејзините деловни простории.

Член 2

Работната просторија за преглед и жигосување на медицинските термометри (во натамошниот текст: работната просторија) мора да ги исполнува следните услови:

1) да биде чиста, сува и изградена во согласност со важечките технички нормативи;

2) да биде доволно пространа за сместување на опремата и за вршење на преглед и жигосување на медицинските термометри;

3) да ги исполнува пропишаните услови во поглед на хигиенско-техничката заштита;

4) да има дневно и електрично осветление според југословенскиот стандард JUS U.C.9.100, односно барањата во поглед на осветлението да бидат „големи" и електричното осветление да се изведува како „општо осветление".

Член 3

Температурата во работната просторија може да биде 20° (±5°C) со допуштени осцилации во текот на мерењето од 1°C.

Член 4

Топлотните извори за греење на работната просторија треба доволно да се оддалечени од уредите за испитување на медицинските термометри и да се изведени така што да овозможуваат рамномерно загревање на просторијата.

Член 5

Во работната просторија мораат да се наоѓаат:

1) маса и стол за работникот на органот на контролата;

2) полици или ормани за сместување на медицинските термометри.

Член 6

Во работната просторија не смеат да се држат предмети што би можеле да го попречуваат нормалното вршење на прегледот на медицинските термометри.

За време на прегледот и жигосувањето на медицинските термометри, во работната просторија не е дозволено да се врши која и да било друга дејност.

Член 7

Работната просторија треба да биде сместена така што да е избегнато дејството на директни сончеви зраци.

Член 8

За преглед на медицинските термометри е потребна следната опрема:

1) еталони на единица температура;

2) уред за репродуцирање на определени температури;

3) Ѓуаров сад или термостат за репродуцирање на температурата на топењето на мраз;

4) уред за постигнување на определено забрзување во нивото на дното на резервоарите на медицинските термометри.

Член 9

За преглед на медицинските термометри можат да се употребуваат живини термометри од групата на работните еталони на единица температура, чиј температурен опсег на примена е од 35,5°C до 42,0°C а вредноста на поделокот на скалата помала или еднаква на 0,02°C.

Член 10

За репродуцирање на определени температури можат да се употребуваат бањи со течности за температурен опсег од 0°C до 100°C со длабочина на работниот простор поголема од 200 mm и со температурен градиент во работниот простор помал или еднаков на 0,05°C/cm.

Член 11

Ѓуаровиот сад мора да има внатрешен пречник поголем од еднаков на 100 mm, а длабочината на работниот простор не смее да биде помала од 250 mm. Температурниот градиент во работниот простор мора да биде помал или еднаков на 0,002°C/cm.

Член 12

Уредот за постигнување на забрзување, мора да биде таков што живата во медицинските термометри да добие забрзување од 600 m/s².

Член 13

Раководителот на работната единица или на службата, одделението, односно друга форма на организирање на работата во рамките на која се врши преглед и жигосување на медицинските термометри, мора да ги исполнува следните услови:

1) да има висока школска подготовка и најмалку три години работно искуство на соодветни работи; или

2) да има виша школска подготовка и најмалку шест години работно искуство на соодветни работи; или

3) да има средна школска подготовка и најмалку 10 години работно искуство на соодветни работи.

Член 14

Работниците што вршат преглед на медицинските термометри и што ракуваат со уредот за испитување мораат да имаат најмалку средна школска подготовка и мораат да ги познаваат постапките на прегледот на медицинските термометри.

Член 15

Решенијата со кои на определени организации на здружен труд им е одобрено во нивните работни простории да се врши преглед и жигосување на медицинските термометри, а што се донесени пред денот на влегувањето во сила на овој правилник, престануваат да важат на 31 декември 1982 година.

Член 16

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 04-8961/1
9 ноември 1981 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за
мери и скапоцени метали,
**Милисав Воичиќ**, с. р.

---

**711.**

Врз основа на член 14 став 1 од Законот за ревалоризација на основните средства и на средствата за заедничка потрошувачка на корисниците на општествени средства („Службен лист на СФРЈ", бр. 58/78), директорот на Сојузниот завод за статистика издава

## НАРЕДБА

## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИНДЕКС НА ЦЕНИТЕ ЗА ПРЕДМЕТИТЕ НА ОПРЕМАТА И ЗА ГРАДЕЖНИТЕ ОБЈЕКТИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 1 ЈУЛИ 1980 ДО 30 ЈУНИ 1981 ГОДИНА

1. Годишните индекси на цените за предметите на опремата и за градежните објекти според групи-

те во кои предметите на опремата и градежните објекти се распоредени со Одлуката за определување на групите на градежните објекти и опрема за кои Сојузниот завод за статистика ги утврдува индексите на цените за ревалоризација („Службен лист на СФРЈ", бр. 46/75), се утврдуваат за периодот од 1 јули 1980 до 30 јуни 1981 година.

2. Годишните индекси на цените од точка 1 на оваа наредба се:

| Ознака на групата на предметите на опремата и на градежните објекти | Назив на групата на предметите на опремата и на градежните објекти | Годишни индекси на цените |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| 1.01. | Објекти на електростопанството, на водостопанството и на поштенскиот, телефонскиот и телеграфскиот сообраќај | 130 |
| 1.02. | Патишта, аеродроми и објекти на луки и пристаништа — — — — — — | 135 |
| 1.03. | Објекти за вршење на железничкиот сообраќај и на другиот сообраќај на шини — — — — — — — — — | 135 |
| 1.04. | Објекти на рудниците за јаглен, на рудниците за метали и на рудниците за неметали — — — — — — — — | 133 |
| 1.05. | Објекти за истражување, експлоатација, пренесување и сместување на нафта и гас — — — — — — — — — | 133 |
| 1.06. | Индустриски, градежнички, занаетчиски, земјоделски, шумарски, сообраќајни, трговски, угостителски, туристички, комунални, управни, станбени и други згради од тврд материјал — армиран бетон, бетон, камен и тули — — — | 136 |
| 1.07. | Индустриски, градежнички, занаетчиски, земјоделски, шумарски, угостителски, туристички, управни, станбени и други згради и други градежи од метални, дрвени и пластични материјали | 136 |
| 2.01. | Електроенергетски, водостопански и рударски машини, уреди и постројки — | 142 |
| 2.02. | Машини, уреди и постројки за експлоатација и преработка на нафта и гас — | 145 |
| 2.03. | Машини, уреди и постројки на црната и обоената металургија и за производство на кокс — — — — — — — — | 177 |
| 2.04. | Машини, уреди и постројки во индустријата на неметали — — — — — | 153 |
| 2.05. | Машини, уреди и постројки во металната индустрија, во електроиндустријата и во бродоградбата — — — — | 153 |
| 2.06. | Машини, уреди и постројки во хемиската индустрија, во индустријата на гума и во индустријата на кожа и обувки — — — — — — — — — — | 162 |
| 2.07. | Машини, уреди и постројки за производство на градежен материјал, огноотпорен материјал и азбестни производи — — — — — — — — — — | 150 |
| 2.08. | Машини, уреди и постројки во дрвната индустрија, во индустријата на целулоза и во индустријата на дрвесина и хартија — — — — — — — — | 152 |
| 2.09. | Машини, уреди и постројки на текстилната индустрија и на индустријата на спортска опрема — — — — — | 155 |
| 2.10. | Машини, уреди и постројки во прехранбената индустрија и во индустријата на тутун — — — — — — — | 147 |
| 2.11. | Машини, уреди и постројки во графичката и во друга ненаведена индустрија — — — — — — — — — — | 163 |
| 2.12. | Машини, уреди и постројки во областа на земјоделството, шумарството и градежништвото — — — — — — — | 136 |
| 2.13. | Опрема што се користи за вршење на железничкиот сообраќај и на другиот сообраќај на шини — — — — — | 129 |
| 2.14. | Опрема што се користи за вршење на друмскиот сообраќај — — — — — | 137 |
| 2.15. | Опрема што се користи за вршење на поморскиот сообраќај и на сообраќајот на внатрешните води — — — — | 139 |
| 2.16. | Опрема што се користи за вршење на ПТТ сообраќај, на радио и ТВ сообраќај — — — — — — — — — — | 131 |
| 2.17. | Опрема што се користи за вршење на воздушниот сообраќај — — — — | 178 |
| 2.18. | Мерни и контролни апарати, инструменти и уреди и стандардни и специјални алати — — — — — — — — | 155 |
| 2.19. | Лабораториска опрема, школски учила, медицински уреди, апарати и прибори и спортски реквизити — — — — — | 144 |
| 2.20. | Електронски сметачи, пишувачки, сметачки и книговодствени машини, уреди и постројки — — — — — — | 150 |
| 2.21. | Мебел, како и машини, уреди и апарати за општи и посебни намени — — | 141 |

3. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 710-4697/1
23 ноември 1981 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за статистика,
**Франта Комел,** с. р.

## 712.

Врз основа на член 94 став 1 од Законот за девизното работење и кредитните односи со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/77), Советот на гувернерите донесува

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗНЕСУВАЊЕ И ВНЕСУВАЊЕ НА ЕФЕКТИВНИ ДИНАРИ ВО ПАТНИЧКИОТ ПРОМЕТ СО СТРАНСТВО

1. Во Одлуката за изнесување и внесување на ефективни динари во патничкиот промет со стран-

ство („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77, 61/77, 56/79, 40/80 и 35/81), во точка 3 бројот: „40", се заменува со бројот: „50", а бројот. „400", се заменува со бројот: „500".

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О бр. 77
26 ноември 1981 година
Белград

Претседател
на Советот на гувернерите
заменик — гувернер
на Народната банка на
Југославија,
**Миодраг Вељковиќ**, с. р.

### 713.

Врз основа на член 17 и член 66 став 1 точка 14 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/76 и 41/81) и точка 8 од Одлуката за остварување на целите и задачите на заедничката емисиона и парична политика и на заедничките основи на кредитната политика во 1981 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 20/81, 58/81 и 62/81), Советот на гувернерите донесува

## ОДЛУКА

## ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНАТА РЕЗЕРВА НА БАНКИТЕ КАЈ НАРОДНАТА БАНКА НА ЈУГОСЛАВИЈА

1. Во Одлуката за задолжителната резерва на банките кај Народната банка на Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 21/77, 48/78, 14/79, 29/79, 36/79, 48/79, 55/79, 59/79, 66/79, 8/80, 12/80, 18/80, 38/80, 40/80, 43/80, 51/80, 58/80, 72/80, 4/81, 27/81, 58/81 и 62/81) во точка 2 став 3 се менува и гласи:

„По исклучок, во периодот од 26 ноември до 31 декември 1981 година, на средствата од одредбата под 1 став 1 на оваа точка банките ќе ја применуваат стапката од 10,7%."

2. Банките ќе извршат корекција на пресметката на задолжителната резерва според состојбата на средствата на 31 октомври 1981 година и разликата добиена со примена на стапката од точка 1 на оваа одлука ќе ја пренесат на својата жиро-сметка. На 31 декември 1981 година банките ќе извршат корекција на пресметката на задолжителната резерва според состојбата на средствата на 30 ноември 1981 година со примена на стапката од 12,7% и добиената разлика ќе ја вратат на сметката на издвоената задолжителна резерва на банките кај Народната банка на Југославија.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 78
2 декември 1981 година
Белград

Го заменува
претседателот на Советот
на гувернерите
заменик — гувернер
на Народната банка на
Југославија.
**Миодраг Вељковиќ**, с. р.

### 714.

Врз основа на член 32 и член 66 став 1 точка 17 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/76 и 41/81), Советот на гувернерите донесува

## ОДЛУКА

## ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА КРЕДИТИРАЊЕ НА БАНКИТЕ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ДНЕВНАТА ЛИКВИДНОСТ

1. Во Одлуката за кредитирање на банките за одржување на дневната ликвидност („Службен лист на СФРЈ", бр. 62/81), во точка 3 став 4 се менува и гласи:

„За време на користењето на кредитот за одржување на дневната ликвидност банката може да пушта во оптек нови кредити и други пласмани само во височина на побарувањата по порано дадени кредити и други пласмани наплатени во периодот на користењето на кредитот за ликвидност."

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 79
2 декември 1981 година
Белград

Го заменува
претседателот на Советот
на гувернерите
заменик — гувернер
на Народната банка на
Југославија
**Миодраг Вељковиќ**, с. р.

### 715.

Врз основа на член 24 и член 66 став 1 точка 16 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/76 и 41/81), во согласност со точка 2 од Одлуката за целите и задачите на заедничката емисиона и парична политика и на заедничките основи на кредитната политика во 1981 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 74/80), Советот на гувернерите донесува

## ОДЛУКА

## ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА ОБЕМОТ И ДИНАМИКАТА НА ПОРАСТОТ НА ПЛАСМАНИТЕ НА БАНКИТЕ ВО ДЕКЕМВРИ 1981 ГОДИНА

1. Основните банки и здружените банки (во натамошниот текст: банките) се должни во декември 1981 година да го усогласуваат обемот на порастот на своите вкупни пласмани согласно со одредбите од оваа одлука. Вкупните пласмани на банките на 31 декември 1981 година можат да бидат поголеми до 16,5% во однос на состојбата на 31 декември 1980 година.

Банките што даваат кредити за сезонски залихи на пченица и пченка од родот на 1981 година можат своите вкупни пласмани да ги зголемуваат над порастот утврден во став 1 од оваа точка за износот на порастот на кредитите за производство и залихи на пченица и пченка над процентот од став 1 на оваа точка, под услов да не вршат отстапување на неискористениот дел од порастот на пласманите во смисла на одредбите од точка 4 на оваа одлука.

2. Под вкупни пласмани на банката, во смисла на оваа одлука, се подразбираат сите краткорочни и долгорочни кредити и други пласмани, освен кредитите и другите побарувања по основ на односите помеѓу банките, вклучувајќи ја и Југословенската банка за меѓународна економска соработка и Пазарот на пари и хартии од вредност, што банките им ги даваат на организациите на здружен труд и на други општествени правни лица, на граѓански правни лица и граѓани, без оглед на изворите на средствата од кои се даваат тие кредити и пласмани.

3. Обврската за усогласување на обемот и динамиката на порастот на пласманите на банките во смисла на точка 1 од оваа одлука, а во согласност со точка 13 став 2 од Резолуцијата за политиката на остварувањето на Општествениот план на Југославија за периодот од 1981 до 1985 година во 1981 година („Службен лист на СФРЈ" бр. 74/80 и 30/81) не се однесува на:

1) пласманите од средствата на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини;

2) пласманите што банките ги даваат од својот кредитен потенцијал за обнова и изградба на подрачјата пострадани од земјотрес;

3) пласманите од дополнителните и посебните средства што се користат за побрз развој на САП Косово;

4) кредитите за извоз и за подготовка на производството на стоки и услуги за извоз.

4. Банките можат меѓусебно да го отстапуваат неискористениот дел од порастот на пласманите до обемот на можниот пораст утврден во точка 1 од оваа одлука. Меѓусебно отстапување, односно примање на неискористениот дел од порастот на пласманите банките вршат до рокот пропишан за поднесување на извештајот во точка 5 став 1 од оваа одлука.

За отстапениот, односно примениот дел од неискористениот пораст на пласманите, во смисла на одредбата од став 1 на оваа точка, банката е должна да ја извести надлежната народна банка на републиката, односно надлежната народна банка на автономната покраина, во рок од три дена од денот на извршеното отстапување, односно примање на делот од неискористениот пораст на пласманите, и тоа со доставување фотокопија од склучениот договор или самоуправна спогодба на здружената банка и основните банки — членки на таа здружена банка за меѓусебно отстапување и примање на дел од неискористениот пораст на пласманите.

5. Заради следење и контрола на спроведувањето на одредбите од оваа одлука банките се должни на надлежната народна банка на републиката, односно надлежната народна банка на автономната покраина да ѝ доставаат извештај за остварениот пораст на нивните вкупни пласмани според книговодствената состојба на банката на 31 декември 1981 година, во рокот пропишан за доставување на билансот на банката. Тој извештај банките го доставуваат во по два примероци.

Народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини ѝ доставуваат на Народната банка на Југославија збирни извештаи за состојбата на пласманите на банките на ниво на републиката, односно автономната покраина, и по еден примерок од примените индивидуални извештаи од банките во рок од пет дена од денот на истекот на рокот од став 1 на оваа точка.

6. Извештајот од точка 5 на оваа одлука банките ќе го доставуваат на образецот „Извештај за усогласувањето на обемот и динамиката на порастот на пласманите во декември 1981 година", што е отпечатен кон оваа одлука и претставува негов составен дел.

7. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 80
2 декември 1981 година
Белград

Го заменува
претседателот на Советот на
гувернерите
заменик — гувернер на
Народната банка на Југославија,
**Миодраг Вељковиќ**, с. р.

________________
(банка)

________________ 1981 година

ИЗВЕШТАЈ

ЗА УСОГЛАСУВАЊЕТО НА ОБЕМОТ И ДИНАМИКАТА НА ПОРАСТОТ НА ПЛАСМАНИТЕ ВО ДЕКЕМВРИ 1981 ГОДИНА

— состојба на 31 декември 1981 година —

— во милиони динари —

| Реден број | Позиција на билансот | Назив на позицијата и објасненија | Состојба 31. XII 1980 | Состојба 31. XII 1981 | Индекс (5:4) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | **I. Состојба на пласманите** | | | |
| 1 | 2 | Краткорочни кредити во девизи на домашни комитенти | ........ | ........ | ........ |
| 2 | 3 | Краткорочни хартии од вредност во девизи | ........ | ........ | ........ |
| 3 | 4 | Краткорочни побарувања од меѓубанкарско работење во девизи (состојба на сметките 3250 и 3252-3) | ........ | ........ | ........ |
| 4 | 6 | Краткорочни кредити на комитенти | ........ | ........ | ........ |
| 5 | 7 | Краткорочни хартии од вредност | ........ | ........ | ........ |
| 6 | 8 | Краткорочни побарувања за здружени средства | ........ | ........ | ........ |
| 7 | 9 | Краткорочни побарувања од меѓубанкарско работење (состојба на сметките 4150 и 4152-3) | ........ | ........ | ........ |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| 8 | 13 | Долгорочни побарувања од домашни комитенти во девизи | ........ | ........ | ........ |
| 9 | 14 | Долгорочни побарувања од меѓубанкарско работење во девизи (состојба на сметките 3450 и 3452-3) | ........ | ........ | ........ |
| 10 | 15 | Долгорочни кредити на комитенти | ........ | ........ | ........ |
| 11 | 16 | Долгорочни хартии од вредност | ........ | ........ | ........ |
| 12 | 17 | Долгорочни побарувања за здружени средства (без сметката 5451) | ........ | ........ | ........ |
| 13 | 18 | Долгорочни побарувања од меѓубанкарско работење (состојба на сметките 5150, 5152-3 и 5160) | ........ | ........ | ........ |
| 14 | | ВКУПНО ПЛАСМАНИ (ред. бр. 1 до 13) | ........ | ........ | ........ |
| 15 | | Пласмани на кои не се однесува обврската за усогласување: | | | |
| | | 1) пласмани од средствата на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини | ........ | ........ | ........ |
| | | 2) кредити и други пласмани што банките ги даваат од својот кредитен потенцијал за обнова и изградба на подрачјата пострадани од земјотрес (состојба на посебните партии во рамките на соодветните сметки) | ........ | ........ | ........ |
| | | 3) пласмани од дополнителните и посебните средства што се користат за побрз развој на САП Косово | ........ | ........ | ........ |
| | | 4) пласмани за кредитирање на подготовката на производството на стоки и услуги за извоз и на извозот (состојба на сметките од групата 400, 404, 500, 502, 504 505 и на сметките 4180, 4181) | ........ | ........ | ........ |
| | | ВКУПНО реден број 15 (1+2+3+4) | ........ | ........ | ........ |
| 16 | | Вкупни пласмани чиј обем и динамика се усогласуваат (реден број 14 минус реден број 15) | ........ | ........ | ........ |
| | | во тоа: | | | |
| 16а | | Кредити за производство и залихи на пченица | ........ | ........ | ........ |
| 16б | | Кредити за производство и залихи на пченка | ........ | ........ | ........ |
| | | **II Пресметка според Одлуката** | | | |
| 17 | | Можност за пораст на пласманите под реден број 16 (пропишан процент од состојбата искажана под тој реден број во колона 4) | ........ | ........ | ........ |
| 18 | | Пораст на кредитите за производство и залихи на пченица и пченка над процентот од точка 1 на Одлуката (ако банката не им го отстапила неискористениот дел од порастот на пласманите на други банки) | ........ | ........ | ........ |
| 19 | | Примен непласиран дел од порастот на пласманите од други банки | ........ | ........ | ........ |
| 20 | | Отстапен непласиран дел од порастот на пласманите на други банки | ........ | ........ | ........ |
| 21 | | Износ до кој банката може да ги зголеми пласманите под реден број 16 (ред. бр. 17 + 18 + 19 — 20) | ........ | ........ | ........ |
| 22 | | Остварен пораст на вкупните пласмани под ограничување до крајот на извештајниот месец (реден број 16 — разлика на колони 5 и 4) | ........ | ........ | ........ |
| 23 | | Помалку (—) односно повеќе (+) остварен пораст на пласманите (реден број 22 минус реден број 21) | ........ | ........ | ........ |

Составил:

(потписи на овластените лица)

М. П.

# ОДЛИКУВАЊА

## УКАЗ

ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 315 точка 8 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се одликуваат:

Од СР Хрватска

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Барац Миховил Игнац;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Бруна Стефан Велимир, Ладавац Шиме Алекса, Тополник Звонимира Дражен;

— за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува кон општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО БРОНЗЕН ВЕНЕЦ

Рацан Антон Антон;

— за заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА ЅВЕЗДА

Бањад Блаж Иван, Блажиќ Фабијан Бруно, Ладавац Слободана Марио;

— за заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Боченац Марио Луцидла, Бориќ Мико Иван, Јозиќ Вилко Мирко, Прскало Мартин Здравко;

— за залагање во социјалистичката изградба на земјата

СО МЕДАЛ ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД

Пернар Иван Миле;

— за залагање и постигнати успеси во работата

СО МЕДАЛ НА ТРУДОТ

Гргиќ Јанко Лазо, Мариќ Јерко Звонимир Перковиќ Миле Јозо, Полошки Рудолф Дамир, Посариќ Драгутин Драгутин, Роговиќ Милан Бруно, Страниќ Милан Лино, Зеќири Ахмед Акиф;

Од СР Словенија

— за заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА ЅВЕЗДА

Гажо Мијо Фрањо, Павиќ Жарко Радисав, Тротовшек Емил Душан;

— за заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Благојевиќ Саво Драган, Гашпершич Јожеф Маријан, Халец-Халас Драгутин Валерија, Јеж-Церар Матија Звонка, Корошец Петер Бранко, Кошир Стане Власта, Несторовиќ-Пишлар Матеј Бреда, Печник Ангела Иван, Петерка Игнац Игнац, Радованович-Дебељак Мартин Милена, Радовиќ Мирослав Будимир, Зајелшник Ивана Славица;

— за залагање во социјалистичката изградба на земјата

СО МЕДАЛ ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД

Јенко-Михевц Леополд Марија, Леденко Петер Иван, Павлич-Селлак Богомир Марија.

Бр. 65
13 јули 1981 година
Белград

Претседател
на Претседателството
на СФРЈ,
**Sergej Kraigher**, с. р.

---

## УКАЗ

ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 315 точка 8 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се одликуваат:

Од СР Босна и Херцеговина

— по повод на седумдесетгодишнината на животот, а за долгогодишна револуционерна работа и исклучителни заслуги во Народноослободителната борба, како и за значителен придонес во изградбата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија

СО ОРДЕН НА НАРОДНОТО ОСЛОБОДУВАЊЕ

Материќ Лазара Илија;

Од СР Црна Гора

— по повод на шеесетгодишнината на животот а за долгогодишна револуционерна работа и извонредни заслуги во организирањето и изградбата на социјалистичкото самоуправно општество и за особен придонес од значење за општиот развиток и јакнење на независноста на Социјалистичка Федеративна Република Југославија

СО ОРДЕН ЈУНАК НА СОЦИЈАЛИСТИЧКИОТ ТРУД

Милатовиќ Милосава Вељко;

— по повод на седумдесет и петгодишнината на животот, а за долгогодишна револуционерна работа и извонредни заслуги во изградбата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, за развивање и јакнење на свеста на нашите граѓани во борбата за слобода и независност на нашата земја како и за значителен придонес на нејзината политика за мир и пријателска соработка со други држави.

СО ОРДЕН ЈУГОСЛОВЕНСКА ЅВЕЗДА СО ЛЕНТА

Зековиќ Симе Врљко;

Од СР Хрватска

— по повод на седумдесетгодишнината на животот и долгогодишната револуционерна работа, а за извонредни заслуги во организирањето и изградбата на социјалистичкото самоуправно општество и за особен придонес од значење за општиот развиток и јакнење на независноста на Социјалистичка Федеративна Република Југославија

СО ОРДЕН ЈУНАК НА СОЦИЈАЛИСТИЧКИОТ ТРУД

Белиниќ Баргона Марко;

— по повод на шеесетгодишнината од востанието на народите и народностите на Југославија и долгогодишната револуционерна работа, а за извонредни заслуги во организирањето на изградбата на социјалистичкото самоуправно општество и особен придонес од значење за општиот развиток и јакнење на независноста на Социјалистичка Федеративна Република Југославија

Вранеш Дмитра Михајло;

Од СР Словенија

— за долгогодишна револуционерна работа и извонредни заслуги во изградбата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, за развивање и јакнење на свеста на нашите граѓани во борбата за слобода и независност на нашата земја, како и за значителен придонес на нејзината политика за мир и пријателска соработка со други држави

СО ОРДЕН ЈУГОСЛОВЕНСКА ЅВЕЗДА СО ЛЕНТА

Бранко Ивана Иван;

Од САП Војводина

— по повод на осумдесетгодишнината на животот, а за долгогодишна револуционерна работа и исклучителни заслуги во Народноослободителна борба, како и за значителен придонес во изградбата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија

СО ОРДЕН НА НАРОДНОТО ОСЛОБОДУВАЊЕ

Вељански Марка Јован — Лала.

Бр. 67
24 јули 1981 година
Белград

Претседател
на Претседателството
на СФРЈ,
**Sergej Kraigher,** с. р.

УКАЗ

ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 315 точка 8 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се одликуваат:

— за примерна работа на развивање полет за остварување на поставените задачи, како и за покажување старешински и војнички особини кои им служат за пример на другите

СО МЕДАЛ ЗА ВОЕНИ ЗАСЛУГИ

десетар Драгиќевиќ Пере Миладин;

војници: Доланчиќ Ѓуре Вељко, Драгај Кадрије Ахмет, Ерцеговац Ранка Ѓуро, Јорданов Кире Драган;

— за особени истакнување во познавањето и вршењето на војничките должности и за примерно војничко држање

СО МЕДАЛ ЗА ВОЈНИЧКИ ДОБРОДЕТЕЛИ

десетари: Чегар Славко Симо, Доленц Милана Роман, Фрчек Ѓуре Драган, Хаџиќ Мустафе Бего, Марчетиќ Душана Драгољуб, Секулиќ Душана Мирко;

војници: Чуљак Руде Аите, Емровиќ Кадрије Шахим, Когелник Ивана Игор, Кокановиќ Марка Ѓорѓе, Крѓиќ Милије Вујица, Матковиќ Стипе Антон Недељковиќ Данила Зоран, Релотиќ Николе Јосип, Терек Иожефа Ендре, Тоневски Трајка Виданчо, Трниниќ Владе Душко, Вулевиќ Вука Зоран;

— за особено истакнување во познавањето и вршењето на војничките должности и за примерно војничко држање

СО МЕДАЛ ЗА ВОЈНИЧКИ ДОБРОДЕТЕЛИ

питомци на ШРО — војници: Бачваров Ристе Спиро, Јовиќ Ѓорѓа Миомир, Малбашиќ Стеве Марјан;

десетари: Ѓоревски Најде Живко, Грил Франца Марјан;

војници: Аламаши Петра Мијо, Бешлиќ Карла Божидар, Божиќ Иве Ѓуро, Целец Јожефа Емил, Делиќ Ѓорѓа Ранко, Граховац Томе Јосип, Ибрељиќ Мехмеда Сенаид, Кнежевиќ Боже Давид, Коцевски Насе Драги, Кошти Јожефа Марјан, Крчелиќ Мије Драгутин, Мавхар Алојза Славко, Стојановиќ Родољуба Милан, Тухољак Омера Нихад, Вучак Алојза Славко, Жуфиќ Ивана Адолф;

— за примерна работа на развивање полет за остварување на поставените задачи, како и за покажување старешински и војнички особини кои им служат за пример на другите

СО МЕДАЛ ЗА ВОЕНИ ЗАСЛУГИ

питомец на ШРО — помлад водник Станисављевиќ Жељка Младен;

помлад водник Шимек Ладислава Жељко;

десетар Протиќ Милоја Миленко;

разводници: Бенцун Стојке Ненад, Николиќ Милете Спасоје;

— за особено истакнување во познавањето и вршењето на војничките должности и за примерно војничко држење

СО МЕДАЛ ЗА ВОЈНИЧКИ ДОБРОДЕТЕЛИ

десетари: Гашпарац Мије Иван, Карапанџиќ Драгана Мирослав, Кнежевиќ Божидара Миодраг, Коципер Ивана Јоже, Кудерна Ливиа Иван, Матковиќ Лазара Душан, Саров Лазара Владимир;

разводници: Абаџија Веселина Синиша, Думенчиќ Шиме Јадранко, Цидо Ивана Драго, Голек Николе Славко, Јовановиќ Драгомира Ненад, Кожул Ивана Маријан, Мартиќ Стјепана Жељко, Маркаиќ Томислава Горан, Остерман Јоже Јоже, Подхрашки Винценца Силво, Сомборац Тодора Бранко, Сопек Стјепана Ивица;

војник Шкутин Рудолфа Драгутин;

морнари: Даскаловски Јована Томе, Миољевиќ Милана Стаменко, Постоловски Стојана Бранко.

Бр. 68
11 септември 1981 година
Белград

Претседател
на Претседателството
на СФРЈ,
**Sergej Kraigher**, с. р.

## СОДРЖИНА:


Страна

699. Закон за привремена забрана на користењето на општествени средства за финансирање на нестопански и непроизводствени инвестиции во 1982 година — — 1677

700. Закон за привремена забрана на располагањето со дел од општествените средства за исплатување на определени издатоци во 1982 година — — — — — 1680

701. Закон за привремена забрана на располагањето со дел од општествените средства за финансирање на изградбата на нови термоцентрали, топлани и енергани на масло за горење — мазут во 1982 година — — — — — — — — — 1683

702. Закон за начинот на располагањето со вишоците од приходите на буџетите на општествено-политичките заедници и со вишоците од приходите на самоуправните интересни заедници во 1982 година — — 1684

703. Закон за измена и дополнение на Законот за санација и престанок на организациите на здружен труд — — — — — 1684

704. Одлука за разрешување и именување на членови и заменици на членовите на Комисијата за избор и отповик на делегати во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ — — — — — — — — — 1685

705. Одлука за избор на судија на Уставниот суд на Југославија — — — — — — 1685

706. Уредба за дополненија на Уредбата за општите начела за внатрешната организација на сојузните органи на управата и сојузните организации — — — — — 1685

707. Одлука за определување на основицата за усогласување на личните доходи на функционерите и раководните работници што ги назначува Сојузниот извршен совет во сојузните органи на управата, сојузните организации и стручните служби на Сојузниот извршен совет — — — 1686

708. Правилник за образецот на возачката дозвола — — — — — — — — — 1686

709. Решение за повлекување од прометот на лекот ВИТАМИН Ц ефервете, серии бр. 224071, 225071 и 222061, производ на СОЗОТ — фармацевтска, хемиска, прехранбена и козметичка индустрија „Плива" — Загреб — — — — — — — — — 1688

710. Правилник за условите за преглед и жигосување на хумани и ветеринарски термометри — — — — — — — — 1688

711. Наредба за утврдување на годишниот индекс на цените за предметите на опремата и за градежните објекти за периодот од 1 јули 1980 до 30 јуни 1981 година — 1689

712. Одлука за измена на Одлуката за изнесување и внесување на ефективни динари во патничкиот промет со странство — 1690

713. Одлука за измена на Одлуката за задолжителната резерва на банките кај Народната банка на Југославија — — — 1691

714. Одлука за измена на Одлуката за кредитирање на банките за одржување на дневната ликвидност — — — — — 1691

715. Одлука за усогласување на обемот и динамиката на порастот на пласманите на банките во декември 1981 година — — 1691

Одликувања — — — — — — — — — — — 1694


**Издавач: Новинско-издавачка установа Службен лист на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Белград, Јована Ристиќа бр. 1. Пошт. фах 226. — Директор и главен и одговорен уредник Вељко Тадиќ. — Печати Београдски издавачко-графички завод, Белград, Булевар војводе Мишиќа бр. 17.**